Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), **Градоначалникот** на ***Општина Пробиштип*** донесе

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во *Општина Пробиштип***

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места Општина Пробиштип бр. 08-1157/1 од 19.10.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип 08-125/1 од 09.02.2017 година и тоа:

Во Глава II во членовите **8, 9 и 10** во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2(B2) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или Аптис или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1(B1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС или Аптис или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - В и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(A2) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС или Аптис или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија – Г и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(A1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно БУЛАТС или Аптис или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава II во членовите ***8, 9 и 10*** во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, останува/се додава следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административни управување (кај сите нивоа од категоријата - Б).

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко опоштество и администрација.

Број 04-123/4
20.07.2018 година
Пробиштип

***Општина Пробиштип***
Градоначалник
Драган Анастасов

Изготвил, Јованка Данева
Одобрил, Невенка Нотевска

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]
ПРОБИШТИП
Примено: 27.07.2018
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 04 | 123/6 | | |

Одд. за човечки ресурси
27.7.2018

**Архивски бр. 12/6 – 4240/ 3**
**Дата:** 26.07. 2018

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

**ДО: ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип, број 04-123/4 од 20.07.2018 година.

***Образложение***

Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) врши измена на основниот текст на законот, меѓу другото и во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, кој се однесува на познавањето на еден од трите најчесто користено јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Постапувајќи согласно утврдената обврска за усогласување на актите за систематизација на работните места во институциите од јавниот сектор, содржана во член 28 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, општина Пробиштип изготви акт за изменување и дополнување на постојниот Правилникот за систематизација на работните места во општината, број 04-123/4 од 20.07.2018 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на предходна согласност.

Врз основа на изложеното, во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Државен Секретар,
М-р Јахи Јахија

*Изготвил: м-р Медина Хоџа*